Македонска берза на

хартии од вредност

АД Скопје

ADING
состојка на секоја градба

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11,
1060 Скопје, Р.Македонија; П.Фах 40; е-пошта: ading@ading.com.mk

- Управен менаџмент: Тел.:+389 2 2034 800, Факс:+389 2034 810
- Контрола на деловен систем: Тел.:+389 2 2034 806, Факс:+389 2034 810
- Финансии: Тел.:+389 2 2034 816, Факс:+389 2034 817
- Примена: Тел.:+389 2 2034 840, Факс:+389 2034 850
- Продажба: Тел.:+389 2 2034 820, Факс:+389 2034 821
- Институт: Тел.:+389 2 2034 860, Факс:+389 2034 850
- Набавки: Тел.:+389 2 2034 824, Факс:+389 2034 825
- Фабрика: Тел.:+389 2 2034 863, Факс:+389 2034 821

АРХ. БРОЈ: 03-5989/1, ДАТУМ: 15.11.18

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## ЗА НАСТАНАТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ПРОМЕНИ ВО ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-СЕПТЕМВРИ 2018 ГОДИНА ЗА АДИНГ АД СКОПЈЕ-ПОЕДИНЕЧНИ ИЗВЕШТАИ

1. **Сметководствени политики и методи на вреднување на ставките од финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани извештаи:**

   -Во овој период нема промени во сметководствените политики.

2. **Остварени вкупни приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на приходите и расходите и на остварениот финансиски резултат:**

   -Во овој период АДИНГ АД Скопје оствари вкупен приход во износ од 232.346 илјади денари кој е помал од минатогодишниот за 24.100 илјади денари, односно намалување за 9,4%. Во структурата на приходите најголем удел имаат приходите од продажба во износ од 229.271 илјади денари или 98,7% од вкупниот приход, од кои 65,6% се приходи од продажба на домашен пазар и 34,4% приходи од продажба на странски пазар.

   -Во истиот период, остварени се вкупни расходи во износ од 219.580 илјади денари што претставува намалување во однос на минатогодишните за 17.957 илјади денари, односно за 7,6%.

   -На крајот на овој период, остварен е позитивен финансиски резултат, односно Добивка пред оданочување во износ од 13.429 илјади денари, која е помала за 32,5% во однос на минатогодишната, која изнесуваше 19.894 илјади денари.

3. **Движењето на финансискиот резултат по квартали е следен:**

31.03.2018 = -4.673 иљјади денари

30.06.2018 = 1.478 илјади денари( + 6.151 илјади денари во вториот квартал )

30.09.2018 = 13.429 илјади денари( + 11.951 илјади денари во третиот квартал )

4. **Движење на вкупните приходи и расходи по квартали е следен:**

-Вкупните приходи по квартали, го пратат финансискиот резултат, па така имаме по квартали следното:

I квартал = 49.279 илјади денари вкупни приходи

II квартал = 88.499 илјади денари вкупни приходи

III квартал = 94.568 илјади денари вкупни приходи

-Вкупните расходи по квартали, со зголемувањето на обемот на работа бележат и пораст, но во помал обем во однос на вкупните приходи, па така имаме по квартали следното:

I квартал = 53.952 илјади денари вкупни расходи

II квартал = 82.347 илјади денари вкупни расходи

III квартал = 82.617 илјади денари вкупни расходи

5. **Останати значајни финансиски податоци за периодот Јануари-Септември 2018 година:**

-На име дивиденда исплатени се 7.488 илјади денари.

-Во период на намалена градежна активност во земјата и сеприсутен проблем со ликвидноста кај компаниите, АДИНГ АД Скопје редовно ги подмирува своите обврски кон компаниите, финансиските институции и државата. За овој период кредитната задолженост е зголемена за само 3.666 илјади денари.

-Капиталните инвестиции се во износ од 6.483 илјади денари.

-Залихите на готови производи и недовршено прозиводство се зголемени за 663 илјади денари.

-Остварениот финансиски резултат, добивка од 13.429 илјади денари е 98,5% од планираната 13.640 илјади денари.